РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 2204/1
12 -06- 2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 33 - та седница, одржана на ден 11.06.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-2471/1 од 18.09.2024 година оформен по пријава против Рецензентска комисија во состав од проф. д-р --------, проф. д-р -------, проф. д-р ----------, проф. д-р ---------- и проф. д-р -----------, од Медицинскиот факултет Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од пријавата кои укажуваат на постоење судир на интереси не се потврдуваат, поради што нема основ за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на познат подносител, на ден 18.09.2024 година доставена е пријава врз основа на која е оформен предмет со бр. 09-2471/1, со наводи за постоење на состојба на судир на интереси во постапка за избор на лицето д-р --------- за професор во сите наставно-научни звања по предметите од наставно–научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хемотологија од страна на Рецензентска комисија во состав од проф. д-р -------, проф. д-р -------, проф. д-р -----------, проф. д-р ---------- и проф. д-р --------- на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје – Медицински факултет Скопје.
Имено, подносителот на пријавата наведува дека на објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно–научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хемотологија,

во предвидениот рок се пријавиле тројца кандидати, меѓу кои е и самиот пријавител на оваа пријава, по што истиот има поднесено приговор до Наставно-научниотс овет на Медицински факултет во Скопје по однос на одлучувањето и спроведената постапка за избор.

Понатаму, пријавителот наведува дека поради незаконско донесено решение за распоредување на работно место од негова страна е покрената судска постапка која била во тек против ЈЗУ УК за хематологија, преку овластено лице, медицински директор --------. Како претседател на Рецензентската комисија, проф. д-р --------, учествувала и одлучувала во горенаведента постапка за избор и во врска со нејзиното постапување не го известила Деканот на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје како раководно лице во институција за сите постапки што предизвикувале судир на интереси, по што пријавителот смета дека се прекршени одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои го предвидуваат постапувањето во случај на постоење на судир на интереси.

Државната комисија за целосно да ја утврди фактичката состојба по конкретниот предмет побара документација и информација од Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во врска со објавениот Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хемотологија на Медицински факултет – Скопје објавен во Билтен на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје бр. 1313 од 01.09.2024 година, каде е оформена Рецензентската комисија во состав од проф. д-р ---------, проф. Д-р -------------, проф. Д-р ---------, проф. Д-р ---------- и проф. Д-р ------, по што го утврди следното:

Проф. д-р -------- преку писмен допис го извести Медицинскиот факултет од Скопје дека била назначена за В.Д. медицински директор, а потоа избрана за медицински директор на ЈЗУ УК за хематологија Скопје во период од август 2017 година до август 2024 година. Горенаведеното лице изјавува дека било изземено во текот на нејзиниот цел ангажман од учество во одлучување и постапување по јавни набавки кои ги спроведувала клиниката од причина што една од веледрогериите била во сопственост на таткото нејзин. Од таа причина согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси овластила друго лице за постапување со јавните набавки каде што уредно ја известила ДКСК. Понатаму службеното лице проф. д-р -------- известува дека не била изземена во постапување од разгледување, оценување и гласање при избор на кандидатката д-р -------- затоа што немало причина и основ од нејзино иземање согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во изјавата од страна на службеното лице проф. д-р ----- исто така е наведено дека лицето --------- имало поднесено тужба против Клиниката за хематологија за поништување на Решение за распоредување на работно место. Судскиот спор што го имало поведено лицето ---------- против Клиниката е завршен на начин што истиот ја повлекол тужбата против клиниката, односно не било утврдено дека бил незаконски распределен на работно место.

Со цел за утврдување на фактичката состојба, Државната комисија во два наврати се обрати до Адвокатската канцеларија ------- бидејќи адвокат -------- го застапувала како полномошник тужителот --------- од Гостивар по поднесена тужба против тужениот ЈЗУ УК за хематологија Скопје за поништување на Решение за распоредување бр.09-238/100 од 06.03.2018 година.

Државната комисија не доби повратен одговор и информации од страна на адвокатската канцеларија и од таа причина се обрати до Основниот граѓански суд Скопје во врска со Поднесок со бр. IX РО бр.569/19 доставен до овој суд, од каде повратно беше известена дека на одржано рочиште за главна расправа на ден 30.09.2024 година полномошникот на тужителот го известил судот дека заедно со тужениот се согласни предметот спогодбено да го решат, од таа причина тужителот изјавил дека го повлекува тужбеното барање, а во врска со трошоците на постапката одлучено е секоја странка сама да си ги сноси трошоците. Решенеито станало правосилно на ден 15.11.2024 година.

Согласно се претходно наведено, Државната комисија констатира дека во постапката за избор на лицето д-р --------- за професор во сите наставно-научни звања по предметите од наставно–научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хемотологија од страна на Рецензентска комисија во состав од проф. д-р -------, проф. д-р ----------, проф. д-р --------, проф. д-р ---------и проф. д-р --------- на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” Скопје – Медицински факултет Скопје нема сомневање за постоење на состојба на судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 11.06.2026 година одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
**Изработил:** М.М. – соработник
**Контролирал:** К.З. – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК